
Анализа на родово базирани содржини:



Медиумскиот пристап кон силувањето и согласноста

Анализа на родово базирани содржини:

Медиумскиот пристап кон силувањето и согласноста

Институт за комуникациски студии

respublica

Издавач

Институт за комуникациски студии
ул. „Јуриј Гагарин“ 17-1-1, Скопје
www.iks.edu.mk

За

вон. проф. д-р Жанета

Едиција:

ResPublic

Уредник:

м-р Дејан Андонов

Лектор

Ружица Пејовиќ

Графички дизајн: Игор

Место и година: Скопје,

Автори

м-р Бојана Јовановска
м-р Сара Миленковска

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека "Св. Климент Охридски", Скопје

364.63-055.2(497.7)(047.31)
343.541:316.774(047.31)
364.633-055.2:316.774(047.31)

ЈОВАНОВСКА, Бојана
Анализа на родово-базирани содржини [Електронски извор]. Медиумскиот пристап кон силувањето и согласноста / [автори Бојана Јовановска, Сара Миленковска]. - Скопје : Институт за комуникациски студии, 2025. - (Едиција ResPublica)

Начин на пристапување (URL):
https://respublica.edu.mk/wp-content/uploads/2025/03/mediumski-pristap-kon-siluvanjeto-i-soglasnosta-mk.pdf.
- Текст во PDF формат, содржи 28 стр. - Наслов преземен од екранот. -
Опис на изворот на ден 14.05.2025. - Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-4805-58-8

1. Миленковска, Сара [автор]
а) Родово базирано насилство -- Македонија -- Истражувања б) Родово базирани содржини -- Силување -- Медиуми -- Истражувања

COBISS.MK-ID 65938181

Вовед

Родово базираното насилство претставува една од најсериозните форми на нарушување на човековите права, со длабоки индивидуални и општествени последици. Во овој контекст, медиумите имаат клучна улога како платформа за информирање, образование и подигање на јавната свест, истовремено носејќи голема одговорност во тоа како известуваат за случаите на родово базирано насилство. Медиумите имаат моќ да го обликуваат јавното мислење, да ги нормализираат или да ги разбиваат родовите стереотипи и да придонесат кон создавање општество што ги препознава и се бори против различните форми на ваквиот тип насилство.

Несоодветното известување за случаите на родово базирано насилство, особено на сексуално насилство, може да резултира со сериозни последици за жртвите, како што е двојна виктимизација, како процес во кој медиумското внимание дополнително и повеќекратно ја трауматизира жртвата. Сензационалистичкиот јазик, непочитувањето на приватноста, како и игнорирањето на етичките стандарди при известувањето за сензитивни случаи, може да предизвикаат долготрајни психолошки и општествени последици. Наместо да бидат сојузници во борбата против насилството, медиумите често несвесно стануваат дел од проблемот, потхранувајќи ги стереотипите и културата на толерирање и нормализирање на насилството.

Во ваков контекст, улогата на медиумите во известувањето за случаи на сексуално насилство е од суштинско значење, бидејќи нивната (не)способност да го препознаат, да го именуваат и да го контекстуализираат насилството директно влијае на јавната перцепција и ставовите кон овој феномен. Препознавањето и јасното именување на насилството, особено сексуалното, претставува прв чекор кон создавање општествена свест за ваквите дејствија и нивно колективно осудување. Ако медиумите не успеат соодветно да ги идентификуваат и да ги именуваат овие појави, тоа не само што може да ја замагли тежината на проблемот, туку и да поттикне култура на толеранција и нормализација, особено во дигиталниот простор.

Во денешно време влијанието на медиумите се протега подалеку од традиционалните платформи, при што социјалните мрежи стануваат еден од главните извори на информации за многу граѓани. Начинот на кој медиумите известуваат за случаите на родово базирано насилство во онлајн-просторот, каде што содржините брзо се шират, го зголемува ризикот и од нивна злоупотреба. Неетичките и сензационалистички новинарски извештаи лесно можат да поттикнат негативни реакции, дополнително да ја стигматизираат жртвата или да создадат онлајн-дискусии што ќе резултираат со виктимизација или омраза.

Од друга страна, медиумите преку соодветно и одговорно известување можат, но и имаат законска обврска да работат на едукација и подигање на јавната свест за сите форми на родово базирано насилство. Кога медиумите јасно и соодветно го именуваат сексуалното насилство, тие не само што ја отелотворуваат својата превентивна улога, туку и ги поттикнуваат граѓаните, особено онлајн-заедницата, да го препознаат насилството, да заземат став против него и да побараат одговорност од институциите. Ова е од особена важност во контекстот на дигиталното време, каде што содржините создадени од медиумите можат да поттикнат позитивни општествени промени, но само ако се темелат на етички и професионални стандарди.

Со цел да направи подлабинска анализа на влијанието на медиумското известување за случаите на силување врз перпетуирањето на родовите стереотипи во општеството, Институтот за комуникациски студии ја изработи анализата „Медиумскиот пристап кон силувањето и согласноста“.

Методологија

Преку анализирање на јазикот и употребата на родови стереотипи во новинарските извештаи, оваа анализа има цел да ги идентификува штетните наративи во онлајн-просторот насочени кон жртвите на сексуално насилство, со посебен акцент на случаите каде што согласноста на жртвите е доведена во прашање, било преку експлицитно негирање на нејзиното значење, преку принудни или манипулативни околности или преку наративи што ја префрлаат одговорноста на жртвата.

Анализата опфати содржини што наместо да информираат и да едуцираат, придонесуваат кон дискредитација на жртвите и нивна двојна виктимизација, особено преку наративи што ја доведуваат во прашање согласноста или ја релативизираат одговорноста на сторителот. Крајната цел на оваа анализа е да укаже на тоа како медиумите придонесуваат за формирањето и ширењето штетни наративи за сексуалното насилство, особено во дигиталниот простор, со цел да се предложат начини за одговорно и етичко известување, кое ќе го почитува достоинството на жртвите и ќе ја подигне јавната свест за овој сериозен проблем.

Главен фокус на двете студии на случај што се претставени во оваа анализа беше медиумското известување за силувањето, како најтешка форма на сексуално насилство. Истражувањето беше спроведено со примена на квалитативна анализа на новинарски извештаи во врска со два случаи на силување, од кои еден во Северна Македонија и еден во Франција. Случај на силување малолетно девојче во Велес, кој го опфати првичното објавување на веста во медиумите, како и новинарските извештаи поврзани со судскиот процес што следуваше, како и случај на повеќекратно силување возрасна жена во Франција, Жизел Пелико, која јавно излезе да го обелодени случајот, со цел да ја прекине културата на молчење и да го нагласи значењето на согласноста во правниот и општествениот дискурс за родово базираното насилство. Анализираните новинарски извештаи поврзани со двата случаи беа објавени во текот на 2023 и 2024 година.

Примерокот што беше анализиран се состоеше од 270 новинарски извештаи објавени во онлајн-медиумите што известиле за случајот во Северна Македонија што е предмет на оваа анализа и 1.400 коментари на објавите на новинарски извештаи на социјални медиуми, односно на платформите Фејсбук, Инстаграм и Икс, како и 250 новинарски извештаи и 85 коментари поврзани со случајот во Франција. Притоа, родово базираните содржини беа анализирани преку неколку специфични аспекти:

- Препознавање на сексуалното насилство
- Употреба на родови стереотипи
- Употреба на родово сензитивен јазик
- Употреба на сензационалистички јазик
- Промоција на култура на родово базирано насилство
- Остварување на законската превентивна улога за подигање на свеста за родово базираното насилство
- Видот на изворите што се употребуваа во новинарските извештаи
- Почитување на новинарските и етичките стандарди при известувањето
- Вклучување критички осврт и поширок контекст во новинарските извештаи
- Ефектот на прелевање на ставовите изразени во новинарските извештаи врз јавната свест.

Контекст на анализата

Родово базираното насилство претставува едно од најсериозните нарушувања на човековите права, кое има длабоки последици врз жртвите, нивните семејства и општеството во целина. Како форма на родово базирано насилство, силувањето е еден од најтешките и најтрауматични облици на нарушување на телесниот интегритет и достоинството на жртвата. Овој вид насилство ја рефлектира нееднаквата распределба на моќта помеѓу родовите и длабоко вкоренетите општествени норми што ја поддржуваат културата на толеранција кон насилството.

Начинот на кој се дефинира, се препознава и се третира силувањето во правниот и општествениот контекст игра клучна улога во одговорот на општеството на оваа форма на сексуално насилство. Во современите дискусии, прашањето на согласноста е централно за дефинирање на силувањето, бидејќи отсуството на доброволна, информирана и јасно изразена согласност претставува директен показател за родово базирано насилство. Сепак, дефинирањето на согласноста претставува сложен предизвик.

Конвенцијата на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство (Истанбулската конвенција) ја препознава структурната природа на насилството врз жените како родово базираното насилство, имајќи предвид дека насилството врз жените е еден од главните општествени механизми со кои жените се принудуваат на потчинета положба во однос на мажите.[1] Истанбулската конвенција поставува стандард според кој секој чин на родово базирано насилство без доброволна согласност се третира како кривично дело, вклучително и наведувањето на друго лице да се вклучи во акти од сексуална природа со трето лице без негова согласност. Притоа, согласноста мора да е дадена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите.

1 Совет на Европа. (2011). Конвенција на Советот на Европа за спречување и борба против насилството врз жените и домашното насилство. Истанбул, 11.V.2011

И покрај тоа што Истанбулската конвенција го истакнува отсуството на согласност како клучен елемент во дефинирањето на силувањето, сепак, на пример, во многу држави-членки на Европската Унија (ЕУ) усогласувањето на националните закони со оваа дефиниција останува предизвик. Традиционалната дефиниција на силувањето во националното законодавство на ЕУ главно се фокусира на насилство, закана или неможност на жртвата да се спротивстави. Меѓутоа, овој пристап се смета за неадекватен поради новите сознанија за реакциите на жртвите, како што е „парализирачки страв“ или тонична неподвижност, што е честа реакција на жртвите на силување и не вклучува физички отпор.[2] Традиционалните дефиниции, исто така, не ги земаат предвид ситуациите како ненадеен напад, односите на моќ или континуираното насилство во насилни односи. Дополнително, обвинувањето на жртвите, како што е проценката на нивната облека, однесување или морал, историски претставува дел од овој пристап и често е поддржано од судовите.[3]

Еден од позитивните примери е законската регулатива во Шпанија, каде што беше усвоен законот наречен „само да значи да“‹ (*solo sí es sí*), кој претпоставува постоење на експлицитна согласност, додека други земји и понатаму се потпираат на традиционалните дефиниции што го нагласуваат присуството на насилство, односно физички отпор или принуда.

Од друга страна, во Франција, членот 222-22 од Кривичниот законик ја дефинира сексуалната агресија како секој сексуален чин извршен со насилство, принуда, закана или изненадување, при што принудата може да биде физичка или морална.[4] Законот не го споменува експлицитно отсуството на согласност, но беше реформиран во 2021 година за да ги категоризира присилните орално-генитални акти и пенетративните акти со малолетници под 15 години како силување. И покрај јавната и експертската поддршка за понатамошни реформи, Франција се противи на дефиниција за силување на ниво на ЕУ, тврдејќи дека „дефиницијата за силување предложена од Европската комисија и Европскиот парламент не е во согласност со онаа на Истанбулската конвенција, која повеќе се фокусира на околностите на таквиот чин“.[5]

2 European Parliament. (2024). Definitions of rape in the legislation of EU Member States. In-depth analysis. https://www.europarl.europa.eu/RegData/etudes/IDAN/2024/757618/EPRS_IDA(2024)757618_EN.pdf

3 Ibid.

4 Ibid.

5 Ibid.

Во Северна Македонија, во Законот за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, сексуалното насилство и силувањето се дефинирани како секое дејствие од сексуална природа, со кој било телесен дел или предмет, на телото на друго лице без негова/нејзина согласност.[6] Законот наведува дека сексуално насилство постои и кога се наведува или присилува друго лице да се вклучи во дејствија од сексуална природа со трето лице без негова согласност, при што согласноста мора да е изразена доброволно како резултат на слободната волја на лицето, проценета во контекст на околностите. Но измените на Кривичниот законик, во насока на усогласување на дефинициите, беа донесени две години подоцна, во 2023 година, при што дефиницијата за силување беше усогласена со Истанбулската конвенција. Со измените на член 186 од Кривичниот законик, беа инкриминирани силувањето и половиот напад, ставајќи го фокусот на „јасно изразената волја“ на жртвата како клучен елемент за дефинирање на согласноста. Дополнително, казните за силување и полов напад се построги доколку се извршени со сила или закана, против дете, ако резултирале со тешки телесни повреди, смрт или други сериозни последици, ако се извршени од повеќе лица или на особено суров и понижувачки начин или од омраза. Овие измени придонесоа за зајакнување на законската рамка со препознавање на согласноста како клучен елемент, што ја подобрува заштитата на жртвите и усогласувањето со меѓународните стандарди.

Во евалуацискиот извештај за имплементацијата на Истанбулската конвенција во Северна Македонија, Комитетот ГРЕВИО[7] истакнува дека стапките на пријавување на силување и сексуално насилство се исклучително ниски, како и бројот на жртвите што бараат медицинска помош во центрите за упатување, изразувајќи сериозна загриженост за речиси непостоечките кривични пресуди за ваквите дела.[8] Оттука, ГРЕВИО смета дека се потребни итни мерки за поттикнување на жртвите да ги пријавуваат делата и за

6 Закон за спречување и заштита од насилство врз жени и семејно насилство, Службен весник на РСМ, бр. 24/2021.

7 Група на експерти за акција против насилството врз жените и семејното насилство (Group of Experts on Action against Violence against Women and Domestic Violence), која претставува независно тело за следење на спроведувањето на Истанбулската конвенција.

8 GREVIO. (2023). Baseline Evaluation Report North Macedonia. Достапно на: https://www.coe.int/en/web/istanbul-convention/-/grevio-publishes-its-baseline-evaluation-report-on-north-macedonia?fbclid=IwY2xjawIBtSZleHRuA2FlbQIxMQABHVcp52cR1_KwInEaaUWySsz68JKxUqg-kyIzwpjgx9PicniBVDuXDLnE7A_aem_QiZXUvhGllYKuODa60WCzg

изведување на сторителите пред лицето на правдата. Во таа насока, медиумите можат да одиграат клучна улога преку подигнување на свеста, намалување на општествената стигма поврзана со насилството и промовирање на достапните ресурси и поддршка за жртвите.

Проблематичното дефинирање на согласноста е тесно поврзано со општествените ставови и предрасудите кон жртвите. Идејата за „совршена жртва“, која мора да покаже физички отпор, да изрази јасно „не“ или да се однесува на одреден начин за да биде веродостојна, е длабоко инфилтрирана, како во правниот, така и во јавниот дискурс. Ваквите ставови дополнително ја комплицираат борбата против родово базираното насилство и ја поттикнуваат културата на толеранција кон насилството и негова нормализација.

И покрај важноста за правно регулирање на различните форми на родово базирано насилство, од особено значење е потребата за поттикнување на општествена промена што ќе ги деконструира родовите стереотипи за жртвите и ќе ја унапреди општествената свест за родово базираното насилство. Оттука, дефинирањето на силувањето и концептот на согласност, иако правно утврдени, не може да се разберат во целост без да се земат предвид општествените ставови што ги обликуваат овие прашања. Правниот систем често е одраз на вредностите и нормите на едно општество, па затоа недостатоците во законските дефиниции на силувањето, меѓутоа и во нивната имплементација, често се поврзани со длабоко вкоренети општествени предрасуди и стереотипи.

Во Северна Македонија, како и во многу други земји, силувањето се третира низ призмата на моралните и културните предрасуди, каде што одговорноста за стореното насилство често се префрла на самата жртва. Наместо фокусот да биде ставен на (не)делото и на сторителот, општеството честопати се занимава со прашања како што се изгледот, облеката или однесувањето на жртвата. Ваквиот пристап ја поддржува културата на виктимизација и ја намалува веројатноста жртвите да ги пријават случаите на родово базирано насилство.

Општествените стереотипи значително го комплицираат разбирањето на согласноста, особено преку идеализирање на „совршената жртва“, која се

очекува да биде пасивна, невина и беспомошна, која физички се спротивставува на насилството. Жртвите што не одговараат на овој стереотип често се соочуваат со сомнежи и обвинувања, што доведува до секундарна виктимизација. Извештајот на ОБСЕ за родово базираното насилство во Северна Македонија наведува дека голем број жртви одбегнуваат да го пријават насилството поради страв од стигматизација или недостиг од доверба во институциите.[9] Овие стереотипи создаваат искривена перцепција за тоа што претставуваат силувањето и согласноста, поттикнувајќи јавни реакции што го минимизираат насилството и дополнително го охрабруваат молчењето на жртвите.

Во македонското општество особено е видлива тенденцијата да се толерираат традиционалните патријархални вредности што ја поддржуваат идејата дека моќта и контролата се „нормални“ атрибути на машкото однесување. Ваквите ставови, длабоко вкоренети во општеството, го поткопуваат секој обид за промена на начинот на кој се перципираат родово базираното насилство и согласноста. Силувањето често се третира како приватен проблем, наместо како општествен феномен што бара институционален и општествен одговор.

И покрај овие предизвици, постојат примери на општествена свест и активизам што укажуваат на можност за промена. Феминистичките движења и јавните дискусии за родово базираното насилство во последните години го истакнаа прашањето за согласноста како централно во борбата против оваа негативна појава. Во овој контекст, медиумите можат да одиграат важна улога во едукацијата на јавноста и деконструкцијата на стереотипите, сè додека новинарските извештаи се базирани на етички и професионални стандарди.

Случаите што беа предмет на анализа во оваа публикација покажуваат дека општествените перцепции може да имаат директно влијание врз правната практика и медиумското известување. Во првиот случај на силување на 15-годишно девојче во Велес, фактот што се работи за малолетно лице што било жртва на уцена и силување од страна на 13 лица не предизвика доволен јавен револт за да се бараат повисоки казни и посериозна одговорност од институциите, што зборува за еден вид нормализација на овие дела, каде што

9 ОБСЕ. (2019). Благосостојбата и безбедноста на жените. Северна Македонија: Извештај од резултатите. Достапно на https://www.osce.org/secretariat/419264

институциите и општеството не ги препознаваат во целост димензиите на насилството врз ранливите групи.

Во контекст на согласноста, особено е проблематичен начинот на кој општеството ја дефинира или ја толкува нејзината важност. Во случајот на Жизел Пелико, несвесноста и неспособноста на жртвата да даде согласност беа клучни фактори, но јавните дискусии знаеја и да го минимизираат овој аспект, поставувајќи го прашањето дали жртвата „се ставила во ризик“, што ја отсликува перцепцијата дека одговорноста за одбегнување насилство паѓа врз жртвата, наместо врз сторителот да обезбеди експлицитна согласност.

Медиумите имаат моќ да ја обликуваат јавната перцепција за согласноста и силувањето, но нивното известување често го одразува доминантниот дискурс и предрасудите на општеството за родово базираното насилство. Со сензационалистички наративи и јазик што ја нормализира одговорноста на жртвата, медиумите влијаат на зајакнување на штетните родови стереотипи и ја минимизираат сериозноста на насилството. На овој начин, медиумите придонесуваат кон одржување култура на толеранција на родово базираното насилство, дополнително поттикнувајќи молчење и стигматизација.

Студија на случај:

Силување и експлоатација на 15-годишно девојче во Северна Македонија

Дваесет и петгодишниот велешанец С.Д. во декември 2021 година преку Инстаграм остварува комуникација со 15-годишно, малолетно девојче, со кое на првата средба направил порнографски материјал[10], кој понатаму го користел за да го присилува девојчето да доаѓа и на други средби, заканувајќи се дека доколку не дојде, материјалите со интимна содржина ќе ги објави и ќе ги сподели на социјалните мрежи, со што ќе им наштети на нејзината чест и углед. На овој начин, велешанецот го принудувал девојчето во повеќе наврати да оди во станови што биле наменски изнајмувани на повеќе локации во Велес, и преку закани и уцени да им овозможува и на други лица да вршат и дигитално и родово базирано насилство. Од крајот на декември 2021 година и во текот на 2022 година девојчето е жртва на трговија со луѓе - поточно силување, сексуална експлоатација[11] и детска порнографија. Групата е разоткриена сосема случајно, кога на тетовчанец товарен за дистрибуција на дрога му бил одземен телефонот и била пронајдена и снимка од детето од Велес.

Судењето на 13-те лица што се обвинети во случајот започнува на 19 септември 2023. Тројца од нив се обвинети за „трговија со дете“, дел се товарат за кривично дело „полов напад“ или „силување“, а еден за „производство и

10 Порнографија без согласност (англ. nonconsensual pornography), која често се нарекува и одмаздничка порнографија (англ. revenge porn), е секое неовластено снимање (со фотоапарат или камера) и/или споделување, како и закани за споделување, на снимки во кои лицето е прикажано разголено или во ситуација со сексуална конотација, сè со цел да се понижи, да се посрамоти или да се уценува (Поимник на родово базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, УНФПА)

11 Кога целта е уцена, можеме да зборуваме и за сексуална изнуда (сексторција) (анг: sextortion), чија цел е да се изнудат пари од лице или да се принуди да направи нешто што не сака, како на пример сексуален чин, под закана дека разголените фотографии или видеа со сексуална конотација ќе бидат објавени. (Поимник на родово базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата, УНФПА)

дистрибуција на детска порнографија“. Сите се на возраст од 20 до 32 години. Еден од осомничените во случајот во својата одбрана дава лажни докази за своето учество, за кои е покренатa постапка од Основното јавно обвинителство и при истражната постапка се утврдува дека на осомниченият му помагал неговиот адвокат, сопственик на хотел и посредник.

Во 2024 година пресудата е донесена на Светскиот ден на детето и Денот посветен на превенција од сексуална злоупотреба на деца. Највисоката казна за сторителите што е изречена во Кривичниот суд во Скопје е 5 години и 6 месеци затвор, а најниската е условна осуда. Сите 13 млади луѓе судот ги прогласи за виновни дека сексуално злоупотребиле малолетничка, ја снимале и ги споделувале снимките. „Ова не е битка на мажи против жени, туку е битка на идните генерации“, изјави судијката Даниела Димовска по осудителната пресуда.

Медиумските наративи за случајот на девојчето од Велес се претставени преку две доминантни позиции - правен и институционален наратив, наспроти социјалниот аспект и контекст за случајот.

Некои новинарски извештаи даваа детални анализи, фокусирајќи се на изјавите од правните професионалци, судството и социјалните работници во контекст на заштита на малолетната жртва и етичко следење на судскиот процес. Ваквиот пристап придонесе за сеопфатно информирање за развојот на настаните преку контекстуализирање на целосниот случај. [12] [13] [14]

Во еден од извештаите за случајот на ТВ Сител[15] беа консултирани стручни лица - психолози за да се нагласи потребата од системски превентивни програми, пренесувајќи:

12 Со пари до слобода: Излезе од притвор велешанецот на кого му се суди за сексуалните забави со уценето дете - Скопје1.мк

13 Затвор за сите 13 обвинети од „велешката група“ за сексуална злоупотреба на малолетничка

14 Истрагата за сексуална злоупотреба на малолетничка и порнографски материјал во Велес проширена за уште 10 лица

15 Петмина осомничени за уцена врз малолетничка, ја завеле на социјалните мрежи па со години сексуално ја злоставувале | Сител Телевизија

> Стручен тим од Центарот за социјални работи од Велес разговарал со девојчето и веќе ѝ е пружена стручна психосоцијална поддршка и помош. Психолозите предупредуваат дека надлежните сега мора многу да бидат внимателни со жртвата. Велат, потребно е државата да воведе добра системска програма за помош на ваквите жртви, но најважно е на младите да им се објаснат опасностите што демнат на социјалните мрежи.“

На овој начин, медиумите го додаваат општествениот контекст со цел да се креира грижа кон жртвата.

Сепак, ваквиот начин на известување не беше забележан во повеќето новинарски извештаи, кои главно беа фокусирани на „драмата“ пред и во судницата, пренесувајќи снимки од пречекот на осомничените пред судот со толпа разгневени поддржувачи на осомничените[16] [17]. Други медиуми, пак, известуваа за случајот на начин што ѝ дава приоритет на шокантната вредност пред информативниот дискурс[18] [19] [20]. На овој начин фокусот на известувањето останува сензационалистички, наместо информативен и аналитички.


МОНСТРУОЗНО, ЕДНА ГОДИНА ЈА СИЛУВАЛЕ, ТЕПАЛЕ И ИЗМАЧУВАЛЕ! Пет лица се приведни за злоставување на 14 годишно девојче

Поднесена кривична пријава до Основното јавно обвинителство за гонење на организиран криминал и корупција за сторено кривично дело „трговија со дете“ по чл 418-г од Кривичниот законик - велат од МВР.

Од Плусинфо — Објавено 27/01/2023 11:43:20

МАКЕДОНИЈА СЛАЈДЕР

16 ВИДЕО: Во случајот за сексуална злоупотреба на 14-годишно девојче осомничени уште десетмина – A1он.мк

17 Солзи и гнев на почетокот на судењето против 13 млади велешани, обвинети за сексуална злоупотреба на малолетничка – Радио Слободна Европа

18 МЕЃУ НАС ИМА МОНСТРУМИ: Четворица во Велес силувале 14-годишно девојче - Lider


19 Грозоморен настан во Велес – 14 годишно девојче силувано од пет лица

20 МОНСТРУОЗНО, ЕДНА ГОДИНА ЈА СИЛУВАЛЕ, ТЕПАЛЕ И ИЗМАЧУВАЛЕ! Пет лица се приведени за злоставување на 14 годишно девојче – PlusInfo.mk

Понатаму, во новинарските извештаи беше присутна секундарната виктимизација[21], која постоеше и во наративите на судските процеси што пак беа пренесувани од медиумите[22], при што кредибилитетот на детето-жртва беше доведен во прашање или кривичното дело беше обликувано да изгледа помалку сериозно[23]. Во некои новинарски извештаи беа очигледни двојните стандарди во смисла на штитење на сторителите од одговорност, наместо залагање за правда за жртвата:

> Што точно се случувало помеѓу осудените и жртвата не се знае, со оглед на тоа што образложувањето на пресудите беше затворено за јавноста заради заштита на жртвата, но адвокатите на дел од обвинетите во нивна одбрана јавно кажаа дека таа и во минатото и денес имала проблематично однесување, консумирала и дрога и алкохол и дека нивните клиенти се жртвени јагниња во овој случај.“[24]

Слични наративи беа споделени и во новинарски извештаи што во насловот приоретизираа изјава од мајката на еден од обвинетите, притоа не нудејќи критички осврт на целокупниот настан[25].



Ваквите **наслови** како централно прашање не го поставуваат актот на насилство, туку влијанието врз животот на обвинетите. На овој начин, медиумите го префрлаат фокусот од родово заснованото насилство како кривично дело кон личната трагедија на сторителите, суптилно повикувајќи

21 Платформа за родова еднаквост: Небезбедно е да постоиш како жена во држава која не постапува - MakPress


22 Судството со изречени благи казни им дава зелено светло на насилниците - ВидиВака

23 Ова се усогласува со критиката на Адриен Рич (1980) за институционализираното машко право, каде што системите - вклучително и медиумите - активно ги штитат моќните мажи од одговорност додека не се залагаат за правда на преживеаните.

24 33 години затвор за 13 велешани за силување малолетничка- Магазин

25 Мајката на еден од обвинетите за силување на 15 годишно девојче ја шокираше Македонија: Ја контролирале ли родителите каде одела, со кого се дружела | Шило Магазин

се на сочувство. Подиректно релативизирање беше забележано во коментарите на социјалните медиуми, со префрлање на одговорноста на жртвата и занемарување на тоа дека таа била кротена[26], без согласност да биде сексуално експлоатирана повеќе од една година.



Додека само еден медиум ја пренесува изјавата по објавувањето на судската одлука на правната советничка на жртвата[27], изјавата на застапникот на осомничените, која содржи стигматизирање и етикетирање, беше споделена од повеќето медиуми:

> Ќе ја обжалиме пресудата. Одлуката за неа е донесена без докази и се базира само на исказите на жртвата. Побарајте и заинтересирајте се за нејзиното минато и ќе видите дека не е сè така како што е претставена нејзината личност тука во судот“[28].

26 Кротењето во онлајн-просторот (англ. online grooming) претставува предаторски облик на однесување со намера да се дојде во контакт со деца и со млади преку социјалните мрежи или други дигитални платформи, сè со цел сексуално насилство. Кротењето функционира на тој начин што кротителот (лицето што кроти) воспоставува лажна емоционална врска со лицето што му претставува цел и го намамува со цел да изврши сексуална злоупотреба, сексуална експлоатација (на пример, сексуална експлоатација преку присилна проституција) или трговија со деца. Во случаите на кротење во онлајн-просторот, предаторите често и самите се претставуваат како деца или млади луѓе, а понекогаш кога ќе воспостават однос, бараат средба во живо, што отвора можност за сексуална експлоатација и сексуално и физичко насилство во офлајн-просторот. (Поимник на родово базираното насилство извршено со (зло)употреба на технологијата УНФПА)

27 Жалби по пресудата за велешаните: Силувачите на малолетничката добија затворски казни под законскиот минимум - Слободен печат

28 33 години затвор за 13 велешани за силување малолетничка, пресуда за битка на идните генерации – Радио Слободна Европа

Ali mladinava od devojcinja sho na 13 god staila shminka kilo i izleda ko 25 i idat so 25 godishni za treva itn i u duvla posho tie im se "fraeri" nikoj ne im e kriv sea razmisli malce dali e do fraerite sho idat so niv ili do domashnoto vospituvanje

2 likes Reply See translation


deckii neznam kako mozete toa devojce da go narecete devojce, zal mi e za deckive ama toa e toa , site znaeme deka ona seto toa go sakase i go dozvoli ne pishuvajte srceparatelni komentari koga ne ja znaete vistinata i samo skrolate po portali a kako i da e i ona ke si lezi, karmata navistina postoela!

kolju se krivi deckite tolku i samata ima krivica shto ocekuvala zlatno pernice znaela deka se povekje od 1 choek shto povekje .

1 like Reply See translation

DALI NEKOGAS OVAA DRZAVA KJE JA PRIKAZE REALNATA SLIKA ZA SITE VAKVI SLUCUVANJA ? ZASHTO NIKADE PO MEDIUMIVE NE SE PISUVASE ZA TOA DEVOJCEVO KAKO UBI COVEK I ZA TOA ZOSHTO SE PRODAVALA SAMA POD SVOJA VOLJA NIZ SITE GRADOVI NAOKOLU NA NEJZINI 14/15 god (deka drzavava neli mnogu dozvoluva pa i toa) SITE GI ZNAEME DECAVA KOI SE I SHO SE A DEKA IM DOSHLO DO TOA 14 GODISNA MRSNA ZA FLASHA I BELO STO SE PRODAVA DA SILUVAAT SAMO MALOUMEN COVEK KJE VERUVA !!!ZATVOR ZA VIKTORIJA !!!

Пренесеното тврдење на адвокатот на сторителите ги засили наративите за обвинување на жртвата, содржани во коментарите под новинарските извештаи на социјалните медиуми.



Повеќето новинарски извештаи ја нагласија казната од 33 години затвор што ја добија обвинетите, меѓутоа не се осврнаа на тоа дека станува збор за 13 сторители[29], на кои им се досудени казни и под минималните, без да се нагласат олеснителни околности, со што се покажува несвесноста за злосторството и насилството што малолетното девојче го преживеало.

Сепак, имаше и медиуми што ги нагласија процедуралните неправилности[30], попустливоста во казните[31] и системските неуспеси во заштитата на жртвите[32]. Со пренесување изјава на правната советничка на жртвата, ја доведуваа во прашање одлуката за ослободување на клучниот обвинет од притвор, нагласувајќи дека процедуралните преседани сугерираат континуиран ризик за жртвата[33]. Понатаму, ја пренесоа реакцијата на Платформата за родова еднаквост, која, критикувајќи ја судската одлука, побара построги казни за злосторства против девојчиња и жени,[34] и *анализираа* како благите казни испраќаат поширока порака за неказнивост на родово заснованото насилство[35]. Известувањето на некои од медиумите ги опфати и подлабоките структурни недостатоци во справувањето со случаите на сексуално насилство.

Законот гарантира, но праксата потфрла во обезбедувањето поддршка на жртвата

Иако законот за кривична постапка во однос на судската постапка и постапката пред јавен обвинител вели дека сите професионалци инвалидирани треба да се грижат за здравјето, добросостојбата и да обезбедат поддршка на жртвата, сликата во реалноста е многу поразлична.

29 ЗА СИЛУВАЊЕ НА МАЛОЛЕТНИЧКА: Тринаесет велешани одат зад решетки

30 Со гаранција од 70.000 евра: На слобода излезе 26-годишниот велешанец кој беше во притвор, а му се суди за „трговија со дете“. | Шило Магазин

31 Ни требаат системски реформи и построги казни за злосторства против девојчиња и жените - Trn.mk


32 Жестока реакција за казните под минимумот за трговијата и силувањето на дете: Испратена е порака дека делото не е сериозно! – Скопје1

33 Со пари до слобода: Излезе од притвор велешанецот на кого му се суди за сексуалните забави со уценето дете - Скопје1.мк

34 Платформа за родова еднаквост: Неопходни се системски реформи и построги казни за злосторства против девојчиња и жени | Meta.mk

35 Судството со изречени благи казни им дава зелено светло на насилниците - ВидиВака

Значајно е да се напомене дека и при анализата на социјалните медиуми беа детектирани голем број критики кон случајот, корумпираноста во судството и недостигот од правда.



Тоа што недостигаше во новинарските објави беше да се нагласи дигиталната димензија на сексуалната експлоатација. Во време кога дигиталното родово базирано насилство е широко распространето и таргетира особено млади луѓе, особено значајно ќе беше да се анализира и тој аспект од случајот. [36] [37]

36 Родово базираното насилство се прелева и во дигиталниот простор: Тивката борба на квир-жените во Македонија - Медуза

37 „Надвор од екранот: Разоткривање на дигиталното родово насилство низ критички осврт“ Мрежа Стела 2024

Студија на случај:

Повеќекратно силување на Жизел Пелико во Франција

Случајот на Жизел Пелико, жената што беше тајно дрогирана и силувана од нејзиниот сопруг и повеќе мажи во Франција од 2011 до 2020 година[38], на глобално ниво беше сеопфатно медиумски покриен на повеќе нивоа, од аспект на значењето на нејзината одлука судењето да биде јавно[39], нејзината храброст[40] и импактот врз општеството[41].

Во македонските медиуми имаше 250 новинарски извештаи, од кои повеќето се повторуваа во насловите, како што беше насловот „Макрон: Благодарам Жизел Пелико“ (над 15 објави). Иако ова може да се интерпретира само како пренесување на изјавата на францускиот претседател Еманuел Макрон, сепак овој тип известување ја прикажува важноста на изразувањето солидарност кон жртвите од страна на државниот врв и со тоа да се испрати јасна порака за поддршка во јавноста.

Повеќето македонски медиуми ги пренесуваа насловите и извештаите на светските медиуми, кои се фокусираа на признавањето на вината од страна на силувачите: „Јас сум силувач како и сите други во оваа судница: мажот од Франција призна дека ја дрогирал сопругата и поканил и други мажи да ја силуваат“. Уште позначајно, во новинарските извештаи беше нагласено дека силувачите доаѓаат од различни заднини, што помага да се разбие митот дека тие се лесно препознатливи и дека не може да бидат дел од секојдневното опкружување на жените:

38 Pelicot rape trial: ‘I never regretted my decision to go public,’ says Gisèle Pelicot as husband and 50 others found guilty – as it happened | Gisèle Pelicot rape trial | The Guardian

39 Gisèle Pelicot has rewritten her story – and electrified women all over the world. But what about men? | Rebecca Solnit | The Guardian

40 Gisele Pelicot is a hero | Women’s Rights | Al Jazeera

41 Married to a monster: How Gisele Pelicot went from victim to feminist hero | World News

> *Полицијата успеала да идентификува само 50 осомничени од 83 мажи* што се појавуваат на видеата на Доминик Пеликот. Тие се на возраст од 26 до 68 години, а меѓу нив има и пожарникари, фармацевти, работници и новинари. Голем број од нив имаат сопруги и деца. Само 15 од нив признале силување, додека другите тврдат дека учествувале во сексуални дејствија. Дел од насилниците изјавиле дека мислеле оти жената се преправала дека спие“.[42]

Новинарските извештаи се фокусираа на солидарноста и храброста, но и на потрагата на Жизел Пелико по правда, известувајќи: „Нејзината пријава го спаси животот на една жена: Хероината која го осуди сопругот кој ја дрогирал сопругата и довел непознати мажи да ја силуваат“[43], „Храбрата борба на Жизел Пелико: Жртва на ужасно злосторство, симбол на отпор“[44], „Најстроги казни за силувачите на Жизел Пелико, правда за сите жени во Франција“[45] и „Во Франција митинзи за поддршка на Жизел Пелико и жртвите на силување“[46]. Со насловите, пак, како *„Жизел Пелико: Никогаш не зажалив што се откажав од правото на анонимност“*[47] се придонесува кон уривање на рамките засновани на срамот на жртвите и се поттикнува прекин на културата на тишина и релативизација, која го овозможува системското сексуално насилство. Дополнително, во новинарските извештаи се пренесуваа изјави на солидарност од различни феминистички групи и организации.

Во насловите се забележува делумно сензационализирање, како што е: *„Ужас во Франција: мажот што ја дрогирал сопругата за да биде силувана од 50 мажи итно пренесен во болница, денеска требаше да сведочи пред децата“.*

42 Собири во Франција за поддршка на Жизел Пелико и жртвите на силување - Слободен печат

43 Нејзината пријава го спаси животот на една жена: Хероината која го осуди сопругот кој ја дрогирал сопругата и довел непознати мажи да ја силуваат – Прес 24


44 Храбрата борба на Жизел Пелико: Жртва на ужасно злосторство, симбол на отпор - Trn.mk

45 Најстроги казни за силувачите на Жизел Пелико, правда за сите жени во Франција - Слободен печат

46 Во Франција митинзи за поддршка на Жизел Пелико и жртвите на силување - МИА

47 Жизел Пелико: Никогаш не зажалив што се откажав од правото на анонимност | Кајгана

На македонските социјални медиуми голем број од реакциите се фокусираа на активно изразување незадоволство или незаинтересираност за овие теми, не поврзувајќи го овој случај со секојдневните објави на медиумите за сексуално насилство во земјата.



И во случајот на Французинката Жизел Пелико, лажното тврдење дека сторителите не знаеле дека таа е во несвест[48], повторено во медиумите, го покажува неуспехот јасно да се дефинира согласноста во случаите на сексуално насилство[49]. Со други зборови, медиумите треба да истакнат дека согласноста постои само кога е експлицитно и недвосмислено дадена.

48 Еден од силувачите на Жизел призна: Да знаев дека не е свесна немаше да го направам тоа – Утрински весник

49 Французин донел 50 мажи да ја силуваат неговата сопруга, еден од нив призна: Не се согласи, жал ми е- Точка

Завршна дискусија

Двата случаи на силување жени покажуваат дека општеството тешко прифаќа дека сексуалното насилство е системски проблем, а не само поединечна трагедија или изолиран случај. Медиумите требаше да ги прикажат овие случаи преку поширока дискусија за релативизирање на силувањето, (не)согласноста на жртвите и правната одговорност, осигурувајќи дека силуваните не само што ќе бидат „слушнати“ (во случајот на девојчето од Велес), туку и дека ваквите настани ќе доведат до вистински промени.

Во случаите на 15-годишното девојче од Велес, кое беше експлоатирано, кротено и силувано од повеќе мажи, и на Францускинката Жизел Пелико, која беше дрогирана од сопругот и исто така силувана од повеќе сторители, се забележува различен пристап во медиумското известување. Додека за случајот со Пелико, каде што најголем дел од извештаите беа преземени од странски медиуми, се забележува посоодветно и родово сензитивно известување, за случајот со девојката од Велес се нотира голем простор за подобрување на начинот на кој се известува за родово базираното насилство, особено врз малолетнички. На социјалните мрежи, пак, и за двата случаи преовладуваа негативни и осудувачки коментари кон двете жени, придружено со релативизирање на силувањето и несогласноста на жртвите. Иако двете жртви се разликуваат по возраста, локацијата и околностите, стигматизирањето на двете жени преку коментарите на новинарските извештаи на социјалните медиуми не само што ги одразува, туку и активно ги обликува општествените реакции на сексуалното насилство.

Во случајот со силуваното девојче од Велес, преку сензационалистичкото известување, селективното нагласување на однесувањето на жртвите и привилегирањето на гласот на насилниците, медиумските извештаи придонесуваа кон нормализирање на сексуалното насилство во јавноста, поткопување на кредибилитетот на жртвите и системската неказнивост. Така се одржува културата на силување и се поттикнуваат родовите хиерархии на кредибилитет, во кои некои се сметаат за „доверливи/веродостојни“ или

„подостојни за правда“ од другите. Освен тоа, сензационалистичкото известување е спротивно и на етичката одговорност на медиумите, предвидена со членот 8 од Кодексот на новинари, кој забранува сензационализам во известувањето за судски постапки и семејни трагедии. Некои новинарски извештаи придонесуваа жртвата да е негирана или обвинета за нејзината злоупотреба. Јазикот на сомнеж што се користеше при известувањето за случајот придонесуваше за зацврстување на востановените уверувања дека жртвата вообичаено е виновна и, уште пострашно, го легитимираа силувањето. Оттука, и коментарите на социјалните медиуми содржеа обвинување, шпекулации и морално расудување за постапките на жртвата на силувањата, наместо фокусирање на злосторствата извршени против неа. А кога коментарите што ги засилуваат штетните предрасуди, на пример од типот „Каде биле нејзините родители?“ или „Како изгледаат денешните девојчиња?“, не се контролираат од медиумите, се создава опасен преседан што го оправдува сексуалното насилство. Затоа, може да се каже дека медиумските наративи директно влијаат на тоа како сексуалното насилство ќе се дискутира, легитимизира или отфрла.

Анализата на двата случаи укажува на итната потреба за пренасочување од реактивно известување засновано на спектакл кон новинарство насочено кон жртвите и за подлабинско известување, кое ги истакнува системските неуспеси наместо изолираните „шокантни“ случаи. Без ваквата промена, медиумите ќе продолжат да бидат соучесници во зајакнувањето на општествените норми што придонесуваат кон сомнежите во жртвите наместо да се бара казнување на сторителите. Но доколку се фокусираат на одговорноста за родово базираното насилство, како и сензибилизирање со жртвите од различни возрасти и социјални категории, медиумите можат да послужат како механизми на правда и свесност, а не како место за релативизација и ретрауматизација.

Заклучни согледувања

Анализата на медиумското известување за двата случаи на сексуално насилство укажува на потреба за поетички и посеопфатен новинарски пристап. Оттука, потребно е да се земат предвид следните препораки за унапредување на новинарското известување за случаите на сексуално насилство:

- Медиумите при известувањето мора да избегнуваат врамување на случаите на сексуално насилство околу постапките на жртвите, нивните емоции или нивниот кредибилитет. Наместо тоа, известувањето треба да ја нагласи одговорноста на сторителот, законските дефиниции за (не) давање согласност од жртвите и системските неуспеси што дозволуваат да се случат такви кривични дела. Ваквата промена ќе придонесе да се спречат или да се намалат наративите за обвинување на жртвите и за релативизација на сексуалното насилство во јавниот дискурс.

- Медиумите во известувањето треба да имаат пристап фокусиран на жртвите, кој им дава приоритет на фактичката точност, системската анализа и застапувањето за заштита од родово базирано насилство.

- Медиумите при известувањето треба да ги потенцираат јасните правни толкувања на согласноста на жртвата во случај на силување, за да се исфрли двосмисленоста околу сексуалното насилство, но и да вршат влијание врз правните системи да усвојат посилни дефиниции за ваквата согласност.

- Сензационалистичките наслови придонесуваат за јавен спектакл наместо за информирана дискусија. За да се спречат погрешните интерпретации и дезинформации, медиумите треба да се придружуваат кон етичките критериуми за новинарско известување и да користат родово сензитивен јазик. Кон ова би помогнала континуираната едукација на новинарите за известување за случаи што вклучуваат родово насилство и креирање нови и консултирање на постоечките ресурси.

- Медиумите не треба да ги прикажуваат жртвите на навредлив начин и треба да водат сметка за нивното достоинство и право до пристап до правдата.
- Социјалните платформи на медиумите придонесуваат за легитимизирање на наративите на насилниците. Затоа медиумите мора проактивно да ги следат и да ги регулираат коментарите под новинарските извештаи за да ги спречат ширењето омраза кон жените и негирањето на силувањето. Дополнително, институциите треба да ги сметаат медиумите за одговорни за овозможување на ширењето мизогинистички наративи во дигиталниот простор.
- Медиумите, преку новинарското известување, треба да ја подигаат јавната свест и да ја едуцираат публиката за последиците од релативизацијата на сексуалното насилство.

Институт за комуникациски студии

НЕ ВЕРУВАЈ ПРОВЕРУВАЈ! #користифакти

www.iks.edu.mk
info@iks.edu.mk

British Embassy Skopje

UK International Development
Partnership | Progress | Prosperity

Овој производ е подготвен во рамките на проектот „Употреба на новинарство засновано на факти за подигање на свеста и спротивставување на дезинформациите во медиумскиот простор во Северна Македонија“, финансиран од Владата на Обединето Кралство, со поддршка на Британската амбасада во Скопје. Мислењата и ставовите наведени во оваа содржина не ги одразуваат секогаш мислењата и ставовите на Британската влада.

Институт за
комуникациски
студии

НЕ ВЕРУВАЈ
ПРОВЕРУВАЈ!
#користифакти